Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 08.06.2023

На 07.06.2023 околу 22.40 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потраги го лишиле од слобода М.П.(34) од с.Мојанци, скопско. Тој бил осуден на казна затвор од пет години за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Казнено-поправната установа Затвор Идризово заради бегство од затворот во 2015 година. Лицето било спроведено во казнено-поправната установа за доиздржување на две години и шест месеци од казната.

На 07.06.2023 во 11 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци лишиле од слобода малолетник од Кавадарци. Тој се сомничи дека претходно физички нападнал жена од Кавадарци и ѝ одзел паричник. Тој , исто така, бил пријавен дека на 30.05.2023 се оддалечил од Мал групен дом при Центарот за социјални работи Кавадарци, чиј штитеник е. Малолетникот бил предаден на социјален работник од Центар за социјални работи Кавадарци и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.06.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари го лишиле од слобода А.С.(26) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.06.2023 во 21.20 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Г.(29) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.06.2023 во 21.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Г.(31) од Свети Николе затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.06.2023 во 23.10 часот во угостителски објект на булеварот „Туристичка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го лишиле од слобода П.С.(38) од струшкото село Долна Белица затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.06.2023 во 21.40 часот на улица „Владо Малески" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го лишиле од слобода К.Л.(52) од Струга. При преглед во патничко возило, во кое бил К.Л., била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.06.2023 во 16.15 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.С.(28) од Кочани. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Кочани за издржување мерка притвор. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Куманово за издржување на мерката притвор.

Во текот на вчерашниот ден (07.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 245 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 160 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 85 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 144 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 41 санкција, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за прекршоци што ги прават пешаците. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за некористење сигурносен појас...

На 07.06.2023 во 14.00 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на крстосница од улиците „Фемо Кулаков" и „Владо Арсов Шпанац" во Неготино се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од А.Д.(28) од Кавадарци и товарно возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.П.(26) од Неготино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Л.П. констатирани во Општа болница Кавадарци. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Неготино.

На 07.06.2023 во 17.30 часот во ОВР Гостивар, В.И.(31) од Гостивар пријавил дека на работното место во асфалтна база на магистрален пат Гостивар-Кичево бил каснат од куче скитник.

На 08.06.2023 во 12.00 часот на ул.„Отокар Кершовани" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Гази Баба го лишиле од слобода Р.Џ.(54) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година и шест месеци за сторено кривично дело по член 235 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (08.06.2023), полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода ги лишиле од слобода С.О.(37) и Ф.А.(36), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на 07.06.2023 извршиле тешка кражба во објект на правно лице на ул.„Сава Ковачевиќ", при што одзеле повеќе предмети. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Штип. до надлежното Основно јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против Н.М.(39) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „Попречување на правдата". Пријавената, во својство на вршител на должност директор на општинската јавна установа - Детска градинка во Штип, на 22.12.2022, по спроведена постапка за јавна набавка на детски реквизити и монтажа на детски реквизити, иако доставата и монтажата не биле извршени, таа извршила исплата на економскиот оператор и предизвикала штета на Буџетот на Република Северна Македонија за сума од 2.593.601 денари.

На 07.06.2023 во 14.10 часот на улица „176" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле А.Ј.(20) од Тетово затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок по член 80 од Закон за оружје.

На 07.06.2023 во 16,01 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во населбата Оризари во Кочани настанал пожар во куќа сопственост на Д.С.(51). Притоа, со повреди се здобила Д.С. констатирани во болницата во Кочани. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Кочани. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Кочани.

Вчера 07.06.2023 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на прекршоците кои ги чинат возачите на мотоцикли. Притоа, биле санкционирани 33 прекршоци (ТЕ-30 и ГВ-3) од кои поголемиот број биле за некористење на заштитен шлем-кацига при возење и тоа 18 возачи (ТЕ-16 и ГВ-2). Исто така, во текот на оваа акциска контрола биле констатирани и 10(ТЕ) друг вид на прекршоци.

На 07.06.2023 во 19.20 часот во Полициската станица Аеродром, С.М.(48) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот брат О.М.(44) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци, од кои 5 надвор од населено место и 10 во населено место. Санкционирани биле и 18 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол и 4 за некористење сигурносен појас.

На 07.06.2023 околу 19.20 часот на ул.„Маџари" во Скопје, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Гази Баба ја пронашле М.Г.(77) од Скопје, за која на 04.06.2023 беше пријавено дека се оддалечила од домот.

На 07.06.2023 на Граничен премин Јажинце, полициски службеници ја привеле М.Б.(20) од Република Албанија поради нерегулиран престој во Република Северна Македонија. Таа била задржана во СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 07.06.2023 во 22.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода Д.Г.(39) од Скопје затоа што физички ја нападнал неговата 38 - годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.06.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со фиизчка пресметка помеѓу Е.К.(60) од една страна и К.А.(71) и Н.Д.(69), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.06.2023 во 02.12 часот во СВР Скопје, од приватна болница во Скопје било пријавено дека кај нив со повреда од огнено оружје бил донесен В.А.(40) од Скопје. По преземени мерки било утврдено дека на ул.„Крсте Асенов" во населба Чаир едно лице од пиштол пукало кон В.А.. На местото биле пронајдени две чаури. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 07.06.2023 во 21.00 часот во СВР Скопје, З.М.(55) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од Ѓ.Б.(58) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.06.2023 во 16.20 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(45) од Скопје пријавил дека околу 10.15 часот во с.Кучково, скопско, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник, негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.06.2023 во 18.30 часот во СВР Скопје, Х.Х.(40) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Бутел нејзиниот син бил физички нападнат од тројца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.06.2023 во 14.00 часот во Полициското одделение Сарај, А.Н.(28) од с.Грчец, скопско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата сестра П.Н.(31) од с.Грчец. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.06.2023 во 18.10 часот во Полициската станица Кочани, В.А.(34) од Кочани пријавила дека на ул. „Блаже Поп Арсов " била касната од куче кое било со сопственик.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Н.(63) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во домот во кој престојува, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле 33 куршуми калибар 7,9x57мм.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.М.(55) од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 22.02.2023 во Гостивар, пријавениот бил затекнат како со возило „форд" вршел такси превоз без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз на патници издадена од надлежен орган.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет